# ВИШ УПРАВЕН СУД

# СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

# Бр. 6

**СКОПЈЕ**

**Декември 2014 година**

ИЗДАВАЧ:

Виш управен суд

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

Претседател на одборот:

Розалиа Кочковска – Претседател на Виш Управен суд

Членови на одборот:

Виолета Илиевска, Владанка Панчурова Сулејманова, Лидија Георгиевска– Судии во Виш Управен суд

Судии на Виш управен суд: Виолета Илиевска, Анита Данилова, Владанка Панчурова Сулејманова, Загорка Тноковска, Лидија Георгиевска, Светлана Костова, Мирјана Василевска, Дијана Димитрова, Фани Илиевска

Благодарност до сите што учествуваа во изготвувањето на овој Билтен.

# С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д 4

С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за имотно – правна област и други права 5

С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права 9

# В О В Е Д

Работата по предметите во Вишиот управен суд, се одвива во три специјализирани судски оддели: специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права; специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права и специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права.

Судиите во Вишиот управен суд покрај предметното работење во специјализираните судски оддели разгледуваат и прашања од интерес за работата на сите совети, прашања во однос на примената на законите во соодветните области и унапредување на методот на работата.

Вишиот управен суд врши квартални редовни и вонредни посети на Управниот суд заради увид во неговата работа, како и за прибирање податоци во врска со примената на законите, следењето и воедначувањето на судската практика и други податоци.

Како резултат на тие активности издвоени се покарактеристични одлуки донесени од страна на Вишиот управен суд, а кои можат да бидат од интерес за понатамошната работа на управното судство, како и од интерес за правилна и единствена примена на законите и другите подзаконски акти.

Овие одлуки се обработени и систематизирани по оддели и истите претставуваат содржина на Билтенот бр.6 на Вишиот управен суд.

# С Е Н Т Е Н Ц И

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

### I Уж-1.бр.297/2014 од 17.11.2014 година – експропријација

Одлука на Европскиот суд за човекови права, без да бидат наведени и други причини поради кои судот смета дека се повредени правата на странките во управната постапка, не може да се прифати како единствен основ за уважување на тужбата за повторување на постапката. Исто така, со амандман XXI од Уставот на Република Македонија се гарантира правото на жалба против одлуките донесени во постапка пред суд во прв степен, а согласно со тоа и право на жалба на одлука на Управен суд со која се дозволува повторување на постапката.

***Од образложението:***

Жалбата е основана.

Од списите по предметот е видно дека Министерството за ..., Реферат во К, постапувајќи по предлогот за експропријација поднесен од Силекс АД К, заведен под бр.03-481 од 26.07.2002 година, донел решение со кое се врши експропријација на недвижен имот и тоа КП.бр.1339, паша, класа 7-ма во м.в. „Боровиќ“ во површина од 880 м2 заведена во ИЛ.бр.11 за КО Тополовиќ, сопственост на А.С, А.М, А.В и А.С, секој од нив сопственик на 1/4 идеален дел, во корист на Силекс АД од К, заради изградба на каптажа- експлоатационен бунар за минерална вода во м.в. „Боровиќ“ КО Тополовиќ, согласно член 2 алинеа 6, член 3 став 1 точка 3 од Законот за експропријација и Договор за концесија за експлоатација на минерална вода бр.08-895/2 од 08.05.2000 година, со тоа што по правосилноста на решението ќе се одржи расправа за спогодбено определување на надоместокот за експроприраната недвижност.

Постапувајќи по жалбата на С.А, М.А, В.А и С.А изјавена против решението на Министерството за ..., Реферат во К, бр.19-160/2 од 09.12.2002 година, Комисијата на Владата на ... донела Решение У.бр.36-29/2 од 02.06.2003 година со кое под точка 1 од диспозитивот била одбиена жалбата на жалителите. Под точка 2 од диспозитивот на решението е одлучено по повод жалбата, решението на првостепениот орган да се дополни со нов став според кој надоместот за експроприраната недвижност и трошоците на постапката за експропријацијата паѓаат на товар на корисникот на експропријацијата - С АД К, за чии потреби е експроприрана недвижноста.

Со Пресуда на Врховниот суд на Република Македонија била одбиена тужбата на тужителите С.А, С.А, двајцата од К, В.А и М.А, двајцата од Пробиштип, со која било оспорено решението У.бр.36-29/2 од 02.06.2003

година донесено од Комисијата на Владата на ...

Тужителите В.А, Ч.А и Б.А, сите од П, С.А, Д.А и К.Ј, сите од К, и К.С од К, преку полномошник В В, адвокат од Пробиштип, на ден 03.06.2013 година до Управниот суд доставиле поднесок кој го насловиле како Барање за измена на одлука врз основа на Пресуда бр.30206/06 од 15.01.2013 година на Европскиот суд за човекови права и согласно член 400 од Законот за парнична постапка, Управниот суд го прифатил како тужба за повторување на постапката окончана со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија У.бр.1419/03 од 16.11.2005 година.

Постапувајќи по тужбата на тужителите В.А, Ч.А и Б.А, сите од П, С.А, Д.А и К.Ј, сите од К, и К.С од К,тужителите В.А, Ч.А и Б.А, сите од П, С.А, Д.А и К.Ј, сите од К, и К.С од К, за повторување на постапката, Управниот суд донел Пресуда У-2.бр.494/2013 од 16.10.2013 година со која ја уважил тужбата и дозволил повторување на постапката по тужбата на наведените тужители окончана со пресуда на Врховниот суд на Република Македонија У.бр.1419/03 од 16.11.2005 година. Под став 3 од диспозитивот, Пресудата на Врховниот суд на Република Македонија У.бр.1419/03 од 16.11.2005 година, ја ставил вон сила и одлучил тужбата на тужителите В.А, Ч.А и Б.А, сите од П, С.А, Д.А и К.Ј, сите од К, и К.С од К, да ја уважи и Решението на Владата на ... У.бр. од 02.06.2003 година, да го поништи.

Во образложението на побиваната пресуда Управниот суд во однос на тужителите К.Ј, К.С и Д.А, навел дека истите се законски наследници на оставителот Стефан Арсовски врз основа на наследно решение О.бр.12/13 УДР.бр.12/13 од 06.02.2013 година на нотарот М.А од К, како судски повереник на Основниот суд К, додека во однос на тужителите Б.А, С.А и Ч.А, прифатил дека се наследници на оставителот М.А врз основа на наследно решение О.бр.278/2004 од 23.12.2004 година на Основниот суд Штип.

Управниот суд повикувајќи се на одредбата од член 7-а од Законот за управните спорови и член 400 од Законот за парничната постапка, оценил дека тужбата за повторување на постапката е основана, но во образложението на пресудата не навел конкретни причини поради кои истата ја прифатил како основана.

Имено, согласно член 7-а од Законот за управните спорови, доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 400 став 1 од Законот за парничната постапка, кога Европскиот суд за човекови права ќе утврди повреда на некое човеково право или на основните слободи предвидени во Европската конвенција за заштита на основните човекови права и слободи и во Дополнителните протоколи на Конвенцијата, кои Република Македонија ги ратификувала, странката може во рок од 30 дена од конечноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права да поднесе барање до судот во Република Македонија кој судел во прв степен во постапката во која е донесена одлуката со која е повредено некое од човековите права или основните слободи за измена на одлуката со која тоа

право или основна слобода е повредена. Согласно став 2 од истиот член од Законот, во постапката од ставот 1 на овој член соодветно се применуваат одредбите за повторување на постапката. Во ставот 3 е предвидено дека во повторувањето на постапката судовите се должни да ги почитуваат правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повреда на основните човекови права и слободи.

Управниот суд повикувајќи се на одредбата од член 400 став 3 од Законот за парничната постапка и ставовите изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права број 30206/06 од 15.01.2013 година страна 13-20 пасус 44 до 62) и утврдената повреда на член 1 од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата (страна 24 точка 1 и 2) одлучил со побиваната пресуда да ја уважи тужбата на тужителите и го поништи решението на тужениот орган налагајќи му при повторното постапување да го има во предвид правното сфаќање на судот и забелешките изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права бр.30206/06 од 15.01.2013 година, да ги утврди правно релевантните факти од кои зависи правилната примена на Законот за експропријација во постапката по предлогот за експропријација на предметниот недвижен имот, кој бил сопственост на тужителите во оваа постапка на по 1/4 идеален дел во корист на РИК С АД К, заради изградба на каптажа - експлоатационен бунар за минерална вода во наведената месност.

Вишиот управен суд по проучувањето на побиваната пресуда и списите по предметот најде дека истата е незаконита.

Имено, внимавајќи при испитувањето на побиваната пресуда по службена должност на суштествените повреди предвидени во член 42-г од Законот за управните спорови, овој суд најде дека при донесувањето на истата се сторени повреди од став 2 точка 8 и 11 од наведениот член. Наведеното од причина што Управниот суд во постапката прифатил како тужители лица кои не можат да бидат странки во постапката, од една страна, а од друга страна, донесената одлука е нејасна и содржи недостатоци поради кои не може да испита бидејќи не содржи причини за решителните факти.

Пред се постапувајќи по Барањето за измена на одлука, која Управниот суд ја прифатил како тужба за повторување на постапката окончана со цитираната пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, судот како тужители ги прифатил В.А, Ч.А и Б.А, сите од П, С.А, Д.А и К.Ј, сите од К, и К.С од К, иако видно од Пресудата на Европскиот суд за човекови права бр.30206/06 од 15.01.2013 година, која им послужила како основ за поднесување на тужбата, апликацијата на сега покојниот М.А, била одбиена, па оттаму неговите наследници Ч.А и Б.А, двајцата од П, не може да се прифати дека се легитимирани да се јават како подносители на тужбата за повторување на постапката.

Понатаму, видно од Барањето за измена на одлука, прифатено од страна на Управниот суд како тужба за повторување на постапка во смисла на одредбата од член 43 од Законот за управните спорови, односно член 400 од Законот за парничната постапка, тужителите се повикале на Одлуката на Европскиот суд за човекови права. За овој суд е неспорно дека по донесената

одлука на Европскиот суд за човекови права судот до кој е поднесено барање за измена на одлуката, е должен да постапува по тоа барање, но во зависност од причните поради кои се бара повторување на постапката ќе одлучи дали ќе дозволи повторување. Наведеното е во корелација со одредбата од член 400 од Законот за парнична постапка на која и Управниот суд се повикал во својата пресуда, но само и единствено одлуката на Европскиот суд за човекови права без да бидат наведени и други причини поради кои судот смета дека се повредени правата на странките во управната постапка, не може да се прифати како основ за уважување на тужбата за повторување на постапката.

Со диспозитивот на побиваната пресуда Управниот суд одлучил дека тужбата за повторување на постапката е основана и го поништил решението оспорено со тужбата донесено од второстепениот орган како тужена страна во постапката, меѓутоа видно од даденото образложение на побиваната пресуда судот, освен што се повикал на одлуката на Европскиот суд за човекови права како причина за основаност на тужбата и ставовите изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права број 30206/06 од 15.01.2013 година страна 13-20 пасус 44 до 62) и утврдената повреда на член 1 од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата (страна 24 точка 1 и 2), воопшто не дал причини поради кои смета дека постојат основи за уважување на тужбата и тоа како на тужбата за повторување на постапката, така и на онаа која се однесува на поништување на оспореното решение. Во оваа смисла судот воопшто не се впуштил во утврдување на фактите кои се од значење за донесување на правилна и законита пресуда, туку само паушално е констатирано дека се исполнети условите за донесување на една ваква одлука, немајќи ја предвид суштината на повторувањето на постапката како вонредно правно средство и претходно искажаниот став на Врховниот суд дека повторување на постапка во управно судската постапка не е дозволено само поради погрешна примена на материјалното право.

Имајќи го предвид сето напред наведено следуваше Вишиот управен суд пресудата на Управниот суд да ја укине и предметот го врати на повторно судење пред истиот суд. При повторното постапување Управниот суд пред се ќе треба да оцени кои лица се легитимирани да се јават како тужители по тужбата за повторување на постапката и по потреба да закаже и одржи јавна расправа на која ќе ги утврди фактите кои се од значење за донесување правилна одлука по тужбата за повторување на постапката согласно погоре искажаното мислење на Вишиот управен суд во оваа смисла, па дури потоа донесе правилна и на закон заснована одлука.

Вишиот управен суд, имајќи го предвид ставот на Врховниот суд на Република Македонија искажан во пресудата Узз.бр. од 29.04.2014 година, најде за потребно да ги појасни причините поради кои смета дека изјавената жалба е дозволена.

Имено, Врховниот суд на Република Македонија на Општа седница одржана на 29.04.2014 година решавајќи по поднесеното барање за заштита на законитоста поднесено од Јавното обвинителство на РМ против решение на Вишиот управен суд со кое била отфрлена жалбата на тужителите во постапката за управен спор по тужба за повторување на постапка, оценил дека

против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен по тужба за повторување на постапка е дозволена жалба по која одлучува Вишиот управен суд. Наведената констатација Врховниот суд на Република Македонија ја темели на одредбите од амандман XXI од Уставот на Република Македонија кој го гарантира правото на жалба против одлуките донесени во постапка пред суд во прв степен. При тоа судот се повикал и на одредбите од член 43 до 49 од Законот за управните спорови со кое е уредена постапката по тужба за повторување на постапката, како и на член 50 од истиот Закон со кој е предвидено дека во постапката по тужба за повторување упатува на примена на одредбите од овој закон за постапка по тужба и за правните средства, доколку со одредбите од член 43 до 49 од Законот, не е предвидено поинаку, како и на одредбата од член 16 од Законот за управните спорови согласно кој Вишиот управен суд одлучува по жалби против одлуките на Управниот суд донесени во прв степен, а Врховниот суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Вишиот управен суд.

При состојба да правото на жалба како правно средство не е поинаку уредено, односно не е исклучено како редовен правен лек предвиден во член 42-а од Законот за управните спорови, произлегува дека истите се применуваат и во постапката по тужба за повторување на постапката.

Од овие причини, Вишиот управен суд одлучи како во изреката на решението, согласно член 358 од Законот за парничната постапка во врска со член 7-а од Законот за управните спорови

# С Е Н Т Е Н Ц И

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ, ЦАРИНСКИ, ДАНОЧНИ И ДРУГИ ПРАВА

### I УЖ-3.бр.304/2014 од 08.07.2014 година –радиодифузна такса

Ослободување од плаќање на радиодифузна такса за даночниот обврзик важи само за конкретниот период кој е наведен во решението.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот се утврди дека Управата за јавни приходи, Регионална дирекција С, донела Решение бр. од 02.04.2012 година, врз основа на регистарот на обврзници за плаќање радиодифузна такса, со кое се утврдува радиодифузна такса за месец 3-ти 2012 година на износ од 190,00

денари со рок на плаќање до 15.04.2012 година, за сега тужителот. Истиот е задолжен износот да го уплати на соодветна сметка со напомена дека доколку не се плати во пропишаниот рок се наплатува камата од 0,03% дневно за секој ден задоцнување.

Министерство за финансии со оспореното Решение У.бр.16-1331/1 од 11.06.2012 година, одлучувајќи по жалбата, ја одбил како неоснована прифаќајќи ги наводите на првостепеното решение како законити и основани.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Со обжалената пресуда на Управниот суд, тужбата на тужителот е одбиена како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 124 став 1 од Законот за даночната постапка („Службен весник на Република Македонија" број 13/06 и 53/11), Управата за јавни приходи може да врши присилна наплата по даночни управни акти со кои се побарува данок или споредна даночна давачка.

Согласно член 126 став 1 од горе наведениот закон, присилната наплата може да почне доколку долгот е пристигнат, должникот во присилната наплата е повикан да плати и од повикувањето да плати поминала најмалку една седмица.

Согласно член 132 став 1 точка 1 од истиот закон, наплатата на даноци во постапката за присилна наплата се спроведува на парични средства на должникот во присилната наплата.

Согласно член 4 став 3 од Законот за Управата за јавни приходи („Службен весник на Република Македонија" број 81/05, 81/08, 105/09, 145/10, 39/12) Управата за јавни приходи покрај работите од ставовите 1 и 2 на овој член врши и работи што се однесуваат на утврдување и наплата на други јавни давачки доколку тие работи и се доверени со закон или врз основа на склучен договор со надоместок кој е приход на Република Македонија.

Согласно член 146 став 1 алинеа 3 од Законот за радиодифузна дејност („Службен весник на Република Македонија" број 100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 145/10, 97/11, 13/12) радиодифузна такса плаќаат трговци поединци регистрирани согласно со Законот за трговските друштва како и вршители на дејност регистрирани согласно со закон до 20 вработени по една радиодифузна такса.

Овој суд по извршениот увид во списите по предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил кога утврдил дека во конкретниот случај со оспореното решение тужениот орган не го повредил законот на штета на тужителот. Ова од причина што првостепениот орган во постапка која му претходела на донесување на решение за утврдување на радиодифузна такса,

правилно ја утврдил фактичката состојба и правилно го задолжил сега тужителот, адвокат С П А од С, со радиодифизна такса за месец 3-ти 2012 година во износ од 190,00 денари со рок на плаќање до 15.04.2012 година.

Вишиот управен суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата на тужителот дека погрешно е утврдена фактичката состојба предвид да како даночен обврзник е ослободен од плаќање радиодифузна такса, претходно донесеното решение не е укинато или заменето, а донесено е ново со кое е задолжен со радиодифузна такса, но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Имено претходното донесено решение бр.22-7162/4 од 29.09.2011 година, донесено од страна на првостепениот орган се однесува за обврска во однос на плаќање, односно ослободување од плаќање на радиодифузна такса но за месец 3-ти 2011 година во износ од 130,00 денари, а согласно важечките законски прописи во период пред измената на Законот за радиодифузна дејност објавен во службен весник на Република Македонија број 13 од 27.01.2012 година. Предвид да обврската за радиодифузна такса во конкретниот случај се однесува за месец март 2012 година, Управниот суд при донесувањето на пресудата дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на одлуката, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парничната постапака.

## II Уж-3.бр.321/2014 од 08.07.2014 година – заштита на лични податоци

При идентификување на клиентот, идентитетот се докажува со оригинален личен документ, истиот задолжително се задржува како копија, а оригиналот се враќа на клиентот по извршениот увид.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај од увидот во списите по предметот се констатира дека со Решение Уп.1.бр.07-173 од 23.05.2012 година на Инспекторот за заштита на личните податоци во Дирекцијата за заштита на личните податоци се забранува Комерцијална банка АД С, да обработува лични податоци на клиентите преку скенирање на лични карти неправично и не во согласност со законот кои не се соодветни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат. Имено, по претставка поднесена од лице Д. Т. заведена под Упп бр.03-112 од 23.04.2012 година, поради повреда на правото на заштита на личните податоци во случај кога од страна на службеничка во Комерцијална банка во С, му била скенирана личната карта како и иницијатива од исто лице од 07.05.2012 година дека тужителот на секој коминтент ја скенира личната карта или пасошот, извршен е вонреден инспекциски надзор на ден 30.04.2012

година во Комерцијална банка АД С, со седиште на ... во С, и составен е Записник Уп1.бр.07-173 од 07.05.2012 година.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд одлучувајќи по тужбата на тужителот против оспореното Решение на Инспекторот за заштита на личните податоци во Дирекцијата за заштита на личните податоци Уп.1.бр.07-173 од 23.05.2012 истата ја одбил како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 1 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ број 7/05, 103/08), се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Согласно член 2 став 1 точка 1 од горенаведениот закон, „личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, ментален, економски, културен или социјален идентитет, додека според точка 4 од истиот став, „субјект на лични податоци“ е секое физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци.

Во член 18 од горенаведениот закон е регулирана постапката за правна заштита во врска со повредата на правата регулирани со овој закон.

Согласно член 44-б став 3 од горенаведениот закон, вонреден инспекциски надзор се врши врз основа на иницијатива поднесена од орган на државна власт, правно или физичко лице како и во случај на сомневање на инспекторот за повреди на одредбите на овој закон. Вонредниот инспекциски надзор се врши и во случаите по поднесено барање согласно со одредбите од членот 18 на овој закон.

Согласно член 10 став 1 од Правилникот за начинот на вршење на инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10), инспекцискиот надзор може да биде: најавен и нејавен, а по обем целосен или делумен.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите по предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил кога прифатил дека при идентификување на клиентот идентитетот се докажува со оригинален личен документ истиот задолжително се задржува како копија а оригиналот се враќа на клиентот по извршениот увид. Ова е наведено и во апликација за регистрирање на клиент, физичко лице. Во ова насока е и одредбата од член 10

од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање тероризам.

Овој суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата и дополнение на жалба на тужителот дека погрешно е утврдена фактичка положба и погрешно применето материјалното право од страна на Управниот суд затоа што од страна на банката се почитуваат правилата во работењето и не станува збор за неправично прибирање или обработување податоци како и дека во однос на прекршокот тужбата е уважена, но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Правилно одлучил Управниот суд кога ја одбил тужбата на тужителот при што дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел при донесувањето на одлуката, со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Имајќи го во предвид горе наведеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 357 од Законот за парнична постапка во врска со член 7-а од Зкаонот за управните спорови.

## III Уж-3.бр.339/2014 од 09.10.2014 година – данок на промет на недвижности

Со одлуката на Вишиот управен суд се укажува на потребата да се напраи целосна анализа на Законот за даноци, Закон за јавно здравје, Законот за здравствена заштита, кога се одлучува по однос на тоа дали треба одредена Јавна Здравствена Установа, основана од страна на Владата на Република Македонија, да биде задолжена со данок на имот, или пак врз основа на погоренаведените законски прописи да биде ослободена од оваа обврска.

***Од образложението:***

Жалбата е основана.

Од списите кон предметот произлегува дека тужениот орган донел Решение У.бр. од 25.11.2011 година, со кое ја одбил како неоснована жалбата на тужителот, изјавена против Решение на Градоначалникот на Општина Куманово бр. од 30.03.2011 година, со кое на тужителот во својство на даночен обврзник му е утврден данок на имот за 2011 година во износ од 35.566,00 денари. Решението на Градоначалникот е донесено врз основа на Записник бр.6741/1 од 10.06.2010 година, изготвен од Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот и пропишаниот образец, а со цел утврдување на истата по претходно поднесена даночна пријава. Даночниот обврзник поднел даночна пријава од 10.06.2010 година, за утврдување данок на имот на недвижност за деловни простории во површина од 1160 м2 и гаражи во површина од 31 м2 во К, на ул..., при што му е утврден данок на имот во вкупен износ од 35.566,00 денари и тоа за деловните простории износ од 35.300,50 денари и за гаражи износ од 265,50 денари. Тужениот орган при определувањето на висината на износот на данокот се користел со Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на пропишан образец со елементи за проценка.

Тужителот повел управен спор пред Управниот суд.

Со Пресуда на Управниот суд У-5.бр.19/2012 од 19.09.2013 година, тужбата на тужителот е одбиена како неоснована.

Управниот суд, одлучувајќи по тужбата на тужителот со побиваната пресуда оценил дека со оспореното решение не е повреден законот на штета на тужителот и истото е во согласност со одредбите од Законот за даноците на имот.

Вишиот управен суд најде дека во конкретниот случај нецелосно утврдените релевантни факти потребни за правилно одлучување, довеле до погрешна примена на одредбите од Законот за даноците на имот.

Согласно член 3 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 92/07 и 102/08), данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според овој закон.

Согласно член 8 став 1 од истиот закон, данок на имот не се плаќа на недвижен имот во државна сопственост кој го користат државните органи, недвижен имот во сопственост на општината кој го користат органите на општината, органите на општините во градот Скопје и органите на градот Скопје, освен недвижниот имот кој се користи од страна на физички или правни лица.

Согласно член 91 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 38/91, 46/93, 55/95, 10/04, 84/05, 111/05, 65/06, 5/07, 77/08, 67/09, 88/10, 44/11 и 53/11), здравствена организација можат да основаат: Републиката, правните и физичките лица. Согласно став 2 од истиот член, јавна здравствена организација може да основа Собранието на Република Македонија.

Согласно член 11 став 1 од Законот за јавно здравје („Службен весник на Република Македонија“ број 22/10 и 136/11), “Центрите за јавно здравје (во натамошниот текст: центар), за потребите на државата и на општините за чие подрачје се основани ги вршат следните работи:“.

Согласно член 12 став 1 од истиот закон, работите од членот 11 на овој закон за подрачје на една или повеќе општини се обезбедуваат и координираат од страна на центрите. Согласно став 2 од истиот член, Центар може да се основа за подрачјето на една или повеќе општини со најмалку 70.000 жители, а за подрачјето на градот Скопје се основа еден центар.

Согласно член 36 од истиот закон, средствата за финансирање на јавно здравје се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетите не единиците на локалната самоуправа, сопствени извори на приходи, донации и други извори на приходи утврдени со друг закон.

Од друга страна со Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија„ број 8/05, 150/07 и 35/11) со членот 2 се дадени изразите кои го имаат определеното значење, а во таа смисла под поимите: "Државни органи" се органите на државната власт-буџетските корисници и единките корисници на средства од Буџетот на Република Македонија, од областа на законодавната, извршната и судската власт: "Буџетски корисници" се корисници на средства од Буџетот на

Република Македонија од областа на законодавната, извршната и судската власт; и "Единки корисници на средствата од Буџетот на Република Македонија" се институциите од областа на образованието и науката, културата, детската заштита, социјалната заштита, судството и обвинителството и други единки кои се финансираат преку корисникот на Буџетот на Република Македонија од таа област.

Во конкретниот предмет, имајќи ги во предвид горе наведените одредби, овој суд најде дека од увидот во списите на предметот се утврди дека во случајот се работи за задолжување на данок на имот на ЈЗУ, ЦЈЗ, К, која е основана за потребите на државата односно на општината за чие подрачје е основана. Средствата за финансирање се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, буџетите не единиците на локалната самоуправа, сопствени извори на приходи, донации и други извори на приходи утврдени со закон.

Врз основа на наведеното, Вишиот управен суд најде дека Управниот суд погрешил кога ја одбил како неоснована тужбата на тужителот против оспореното решение без притоа да се утврдат решителните факти од значење за задолжување со данок на имот. Поради ова следуваше пресудата на Управниот суд да се преиначи и оспореното решение поништи.

Во повторната постапка врз основа на наведените законски решенија треба да се утврди дали во конкретниот случај се работи за “државен орган“ во смисла на членот 8 од Законот за даноците на имот, а при тоа имајќи ги во предвид Законот за јавно здравје, Законот за здравствена заштита и Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Ова од причина што од Законот за даноците на имот не може со сигурност да се утврди дали тужителот е даночен обврзник, а поврзано со другите наведени закони. Исто така и со Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 43/12, 145/12, 87/13 и 164/13), кој е во сила, со членот 58 е утврдено дека Јавна здравствена установа може да се основа и да престане со одлука на Владата, во согласност со потребите на здравствената дејност утврдени со мрежата. Одлуката за статусни измени (спојување, припојување, поделба или издвојување) на установите од ставот 1 на овој член, Владата донесува согласно со мрежата утврдена со овој закон. Врз основа на одлуката од ставовите 1 и 2 на овој член се врши упис на јавна здравствена установа, односно се запишуваат статусните измени во Центалниот регистар на Република Македонија, од што произлегува дека се работи установа формирана од страна на Владата.

Поради ова при повторното одлучување треба да се има во вид напред наведеното и врз основа на правилно утврдена фактичка состојба и со правилна примена на материјалното право да се донесе правилна и на закон заснована одлука.

Во однос на барањето на тужителот за надоместување на трошоците настанати во постапката на управниот спор, истото е одбиено како неосновано. Ова од причина што согласно членот 7-б од Законот за управните спорови „Службен весник на Република Македонија“ број 150/10, во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 355 од Законот за парнична постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови се одлучи како во изреката.

## IV УЖ-3.бр.357/2014 од 08.07.2014 година – данок на промет на недвижности

При утврдување на даночна обврска за данок на имот на даночните обврзници, се применува методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на пропишан образец со елементи за проценка. Даночниот орган е обврзан да утврди дали даночниот обврзник го користи имотот како место на живеење или куќа за одмор и рекреација. Органот во конкретниов случај, ова го утврдил со увид во фотокопија од личната карта на даночниот обврзник. Органот правилно утврдил дека даночниот обврзник не го користел имотот за живеење, според податоците од личната карта, па затоа му определил повисока стапка на данок на имот.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Од списите кон предметот произлегува дека тужениот орган донел Решение У.бр. од 27.06.2012 година, со кое ја одбил како неоснована жалбата на тужителот, изјавена против Решение на Градоначалникот на Општина Вевчани бр. од 03.05.2012 година, со кое на тужителот во својство на даночен обврзник му е утврден данок на промет на недвижност и тоа од даночна основа од пресметана пазарна вредност и тоа за гаража износ од 406.515,00 денари, за куќа за одмор и рекреација износ од 9.343.879,50 денари и за дворно место износ од 276.750,00 денари, при што е утврден данок на промет во вкупен износ од 15.410,00 денари. Решението на Градоначалникот е донесено врз основа на Записник бр.12/12-939 од 03.05.2012 година, изготвен од Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот и пропишаниот образец, а со цел утврдување на истата по претходно поднесена даночна пријава. Даночниот обврзник поднел даночна пријава од 04.05.2012 година, за утврдување данок на промет на недвижност за куќа со површина од 802 м2, гаража со површина од 52 м2 и дворно место со површина од 300 м2 во В. Тужениот орган при определувањето на висината на износот на данокот се користел со Методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот на пропишан образец со елементи за проценка.

Тужителот повел управен спор пред Управниот суд.

Со Пресуда на Управниот суд У-5.бр.1297/2012 од 14.11.2013 година, тужбата на тужителот е одбиена како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 3 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 92/07 и 102/08) данок на имот се плаќа на недвижен имот освен на оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според овој закон.

Согласно член 21 став 1 од истиот закон, основа на данокот на промет на недвижноста е пазарна вредност на недвижноста во моментот на настанување на обврската. според став 5 од истиот член, пазарна вредност се утврдува според Методологијата од членот 5 став 4 на овој закон.

Согласно член 1 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ број 50/05, 40/10 и 46/10), со оваа методологија се утврдува пазарната вредност на недвижниот имот, како основа за пресметување на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижност.

Овој суд по извршениот увид во списите по предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил кога утврдил дека во конкретниот случај со оспореното решение тужениот орган не го повредил законот на штета на тужителот и ги прифатил наводите на првостепениот орган како основани. Ова од причина што при утврдување на даночна обврска за данок на имот на даночните обврзници се применува методологија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на пропишан образец со елементи за проценка, при што во конкретниот случај е пресметана пазарна вредност и тоа за гаража износ од 406.515,00 денари, за куќа за одмор и рекреација износ од 9.343.879,50 денари и за дворно место износ од 276.750,00 денари, при што е утврден данок на промет во вкупен износ од 15.410,00 денари.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека во случајот не се работи за објект за одмор и рекреација, туку градежен семеен објект за живеење, поради што смета дека фактичката состојба е неправилно утврдена, произволно и без аргументација и дека данокот треба да биде пониско утврден, но смета дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Од приложените докази и тоа фотокопие од патната исправа на тужителот правилно е прифатен фактот дека во случајот не може да се прифати дека се работи за објект за живеење бидејќи истиот се наоѓа во с. Вевчани а тужителот е со место на живеење во с.В, С, поради што нема право на даночно намалување. Управниот суд при донесувањето на пресудата дал доволно образложени причини за решителните факти, врз основа на кои ја заснова одлуката, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парнична постапка.

## V УЖ-3.бр.358/2014 од 05.09.2014 година – данок на наследство и подарок

Во конкретниот случај починатиот оставител е свекрва на тужителот и не спаѓа во категорија на лица, потомци на оставителот од прв наследен ред според член 14 од Законот за наследување. Останатите наследници - потомци на починатиот син на оставителот, кои имаат право на наследство по право на претставување, се откажале од наследство во корист на тужителот. Оттаму свекрвата на тужителот, не влегува во група на наследници од прв наследен ред на оставителот, кои се ослободени од данок на наследство.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Од списите кон предметот произлегува дека по поднесена даночна пријава бр.275/11 од 15.11.2011 година со Решение на Градоначалникот на Општина Н, У.П.бр.11-4/275-2 од 05.12.2011 година, на даночниот обврзник К Т од Н, му се утврдува даночна основа за данок на наследство и подарок во вкупен износ од 1.327.846,00 денари од кој даночна основа за куќа во износ од 450.610,00 денари и за градежно земјиште во износ од 877.236,00 денари и се задолжува со данок на наследство и подарок во износ од 66.392,50 денари. Даночната обврска настанала врз основа на наследно Решение О.бр.43/11 УДР бр.22/11 од 09.11.2011 година на нотар В Т со кое за единствен законски наследник на оставината на оставителот М Т се огласува сега тужителот, снаа на оставителот.

Министерот за финансии решавајќи по жалбата на сега тужителот донел Решение У.бр.16-1302/1 од 02.02.2012 година, со кое жалбата се одбива како неоснована.

Тужителот со тужба повел управен спор пред управниот суд.

Со Пресуда на Управниот суд У-5.бр.437/2012 од 07.11.2013 година, тужбата на тужителот е одбиена како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 10 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 92/07 и 102/08) данокот на подарок и наследство се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците односно примателите на подароци ги наследуваат односно примаат врз основа на Законот за наследување односно договорот за подарок.

.

Согласно член 16 став 2 од истиот закон данок на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 2% до 3% а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот данокот се пресметува по стапка од 4% до 5%.

Согласно член 17 став 1 од истиот закон данок на наследство и подарок не плаќа наследникот односно примателот на подарок од прв наследен ред.

Овој суд по извршениот увид во списите по предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил кога утврдил дека во конкретниот случај со оспореното решение тужениот орган не го повредил законот на штета на тужителот и ги прифатил наводите на првостепениот орган како основани. Ова од причина што даночната обврска настанала врз основа на наследно Решение О.бр. бр.22/11 од 09.11.2011 година на нотар В Т со кое за единствен законски наследник на оставината на оставителот М Т се огласува сега тужителот, снаа на оставителот. Според член 13 од Законот за наследување, наследници од прв наследен ред се децата и брачниот другар на умрениот. Во конкретниот случај починатиот оставител е свекрва на тужителот и не спаѓа во категорија на лица согласно цитираниот член, а потомците на оставителот од прв наследен ред според член 14 од Законот за наследување, како и потомците на починатиот син на оставителот кои имаат право на наследство по право на претставување се откажале од наследство во корист на тужителот. Оттаму тужителот како сопруга на директен починат потомок на оставителот не влегува во група на наследници од прв, втор или трет наследен ред на оставителот.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека погрешно е утврдена фактичка состојба и дека тужителот го наследува делот кој би припаднал на нејзиниот сопруг доколку би бил жив како и дека сопругот на тужителот бил жив кога е поведена оставинска постапка но починал во текот на постапката, но смета дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при донесувањето на пресудата дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел и врз основа на кои ја заснова одлуката, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парнична постапка.

## VI УЖ-3.бр.368/2014 од 05.09.2014 година – персонален данок на доход

Првостепениот орган правилно донел решение со кое на даночниот обврзник му се утврдува даночен долг по основ персонален данок од доход, а донесено согласно Законот за даночна постапка. Правилно е прифатено од страна на тужениот орган по целосно утврдена фактичка состојба во однос на задолжувањето со персонален данок на доход, кога е утврдено дека тужителот како даночен обврзник за регистрираните задолжувања на благајната за време на контролираниот период не приложил соодветни сметководствени документи заради покривање на направените трошоци и извршил неправилности и незаконитости на начин што состојбата и движењето на средствата, капиталот, обврските, приходите, расходите и резултатот од работењето не ги водел врз основа на веродостојни сметководствени документи.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во конкретнитот случај од списите во предметот се утврди дека Управа за јавни приходи, Регионална дирекција С, извршила надворешна контрола на персонален данок на доход по други основи за период од 01.01.2009 до 03.12.2010 година кај даночниот обврзник, сега тужителот, при што било констатирано дека книговодствената евиденција не е водена согласно прописите од областа на сметководството, за што бил сочинет Записник бр. од 20.12.2010 година, врз основа на кој записник е донесено Решение на Управа за јавни приходи, Регионална дирекција С, бр. од 04.01.2011 година, со кое на тужителот му се утврдува пресметан персонален данок на доход по други основи во вкупен износ од 502.993,00 денари и тоа за период од 01.01.2009 до 31.12.2009 година во износ од 146.652,00 денари и за период од 01.01.2010 до 03.12.2010 година износ од 356.341,00 денари како и пресметана камата за неблаговремена уплата на персонален данок од доход во вкупен износ од 20.187,00 денари до ден 20.12.2010 година и тоа 15.574,00 денари за период од 01.01.2009 до 31.12.2009 година и износ од 4.613,00 денари за период од 01.01.2010 до 03.12.2010 година и да допресмета камата од 20.12.2010 година до денот на конечно плаќање на данокот.

Министерот за финансии решавајќи по жалбата на сега тужителот против решението на првостепениот орган, донел Решение У.бр.16-308/1 од 25.11.2011 година, со кое жалбата се одбива како неоснована, со образложение дека утврдениот даночен долг и решение на првостепениот орган е донесено согласно одредбите од Законот за даночна постапка.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Постапувајќи по тужбата на тужителот против ова решение Управниот суд донел Пресуда У-5.бр.84/2012 од 10.10.2013 година, со која истата ја одбил како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 22 став 1 од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 13/06, 88/08, 159/08, 105/09, 133/09, 145/10, 171/10), обврската за исполнување на даночен долг претставува должност на даночниот обврзник да го плати утврдениот данок под услови пропишани со овој закон или друг даночен закон.

Согласно член 95 став 1 од Законот за персонален данок на доход („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 6/07, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10 и 135/11), исплатувачот на лични примања и на други приходи на кои аконтацијата на данокот се плаќа по одбивка е должен запрениот данок да го уплати при секоја поединечна исплата.

Согласно член 472 став 4 од Законот за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ број 28/04, 84/05, 25/07 и 87/08), трговските книги се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, Вишиот управен суд смета дека Управниот суд правилно заклучил дека тужениот орган донел правилна и законита одлука, односно правилно ги применил одредбите од Законот за даночна постапка, Законот за персонален данок на доход и Законот за трговски друштва, кога утврдил дека првостепениот орган правилно донел решение со кое на даночниот обврзник му се утврдува даночен долг по основ персонален данок од доход, а донесено согласно Законот за даночна постапка. Правилно е прифатено од страна на тужениот орган по целосно утврдена фактичка состојба во однос на задолжувањето со персонален данок на доход, кога е утврдено дека тужителот како даночен обврзник за регистрираните задолжувања на благајната за време на контролираниот период не приложил соодветни сметководствени документи заради покривање на направените трошоци и извршил неправилности и незаконитости на начин што состојбата и движењето на средствата, капиталот, обврските, приходите, расходите и резултатот од работењето не ги водел врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека погрешно е утврдена фактичката состојба од причина што од страна на контролата не се земени во предвид сите факти и околности, а Управниот суд ги констатирал како такви без да даде образложение зошто не ги прифаќа, како и дека тужителот ги исполнувал сите даночни обврски во утврдениот даночен период, но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд правилно заклучил дека наведениот износ за кој тужителот бара поврат е утврден со решение во даночна постапка, а кое решение не е поништено од страна на Министерот за финансии и правилно ја применил одредбата од членот 25 став 1 од Законот за даночна постапка, како и дал доволно образложени причини за решителните факти врз основа на кои ја заснова одлуката, а со кои во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парничната постапка.

## VII УЖ-3.бр.386/2014 од 08.07.2014 година – привремена забрана за вршење на дејност

При вршење на контрола, даночниот инспектор ако утврди дека даночниот обврзник нема воведено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања или прометот и истиот не го регистрира преку фискален апарат или не издава фискалана сметка на купувачите, односно на корисниците на услугата, ќе состави записник во кој ќе ја внесе констатираната незаконитост. Истовремено, даночниот инспектор ќе донесе решение со кое на даночниот обврзник ќе му се изрече забрана за вршење на

дејност во деловната просторија (објет) каде е извршена конторолата во траење од 30 дена за даночен обврзник правно лице и 15 дена за даночен обврзник физичко лице.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите по предметот се констатира дека на ден 24.02.2012 година од страна на даночен инспектор од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Кавадарци, била извршена надворешна контрола кај правното лице тужителот Друштво за производство, трговија и фотографски услуги ФОТО СТУДИО С.. ДООЕЛ Г, и составен Записник бр.18-1/08120-03089-40001/1 од 24.02.2012 година, при што е констатирано дека тужителот поседува одобрен фискален систем на опрема за регистрирање готовински плаќања во деловната просторија на ул... во К, при што се констатира дека во контролниот извештај од фискалниот апарат не е евидентиран промет, а во касата е изброен износ од 1.270,00 денари, кој промет не бил регистриран преку фискалниот апарат, што е спротивно на одредбите од членот 2 од Законот за регистрирање на готовински плаќања. Согласно член 20-а од истиот закон, првостепениот орган го донел Решението бр.18-1/08120-03089-40001/2 од 24.02.2012 година, со кое на правното лице, тужителот му била изречена времена забрана за вршење на дејност во траење од 15 дена.

Против ова решение тужителот поднел жалба до Министерот за финансии, кој со Решение У.бр.16-1086/1 од 11.04.2012 година, жалбата ја одбил како неоснована.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд оспорувајќи го наведеното решение на тужениот орган.

Управниот суд со побиваната пресуда оценил дека при одлучувањето тужениот орган правилно ги применил законските одредби предвидени во Законот за регистрирање на готовински плаќања и врз основа на истите ја одбил жалбата на тужителот изјавена против одлука на првостепениот орган како неоснована, од причина што првостепениот орган правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба и врз таа основа правилно го применил материјалното право и нашол дека оспореното решение е правилно и законито.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и истата содржи доволно причини за решителните факти од кои се раководел судот при донесувањето на одлуката.

Согласно член 2 став 1 од Закон за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 31/01, 42/03, 40/04, 70/06, 126/06, 88/08), даночните обврзници кои вршат промет на добра и промет на услуги за кои плаќањето не се извршува по банкарски пат - готовински плаќања, должни се да воведат и користат одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања и задолжително да издаваат сметка за извршениот промет, односно услугата - фискална сметка.

Согласно член 20-а став 4 од истиот закон, доколку при вршење на контролата даночниот контролор утврди дека даночниот обврзник прометот не го регистрира преку фискален апарат или не издава фискална сметка на купувачите, односно корисниците на услугата, составува записник во кој ја внесува констатираната незаконитост. Врз основа на констатираната незаконитост Управата за јавни приходи донесува времено решение со коа на даночниот обврзник ќе му се забрани вршење на дејност во деловната просторија во траење од 15 дена за даночен обврзник правно лице и 15 дена за даночен обврзник физичко лице.

Согласно член 20-б став 1 од истиот закон, доколку при вршење на контролата даночниот инспектор утврди дека даночниот обврзник нема воведено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања или прометот не го регистрира преку фискален апарат или не издава фискална сметка на купувачите, односно на корисниците на услугата, составува записник во кој ја внесува констатираната незаконитост. Истовремено, даночниот инспектор донесува решение со кое на даночниот обврзник му изрекува забрана за вршење на дејност во деловната просторија (објект) каде е извршена контролата во траење од 30 дена за даночен обврзник правно лице и 15 дена за даночен обврзник физичко лице.

Вишиот управен наоѓа дека обжалената пресуда е правилна и законита. Управниот суд правилно заклучил дека првостепениот и второстепениот орган на управата при водењето на управната постапка, правилно ја утврдиле фактичката состојба и го примениле материјалното право во законито водени постапки, по кои донеле правилни одлуки. Управниот суд правилно прифатил дека тужителот постапил спротивно на членовите 2 и 20-а став 4 од Закон за регистрирање на готовински плаќања, од причина што како даночен обврзник не користи одобрен фискален систем и не издава фискална сметка на корисниците на услугата, со кој заклучок и стојалиште на Управниот суд во целост се согласува и овој суд.

Вишиот управен суд ги ценеше наводите истакнати во жалбата на тужителот дека е постапено незаконито од страна на овластените инспектори, погрешно е утврдена фактичка состојба затоа што деловната просторијата била затворена во моментот немало никој а затекнатото лице само дошло да подигне лични предмети на управителот и записникот не му е даден да го прочита, меѓутоа најде дека се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Кај тужителот при извршената контрола се констатирани недостатоци во работењето, истиот прометот не го вршел преку фискален систем на опрема, што е спротивно на членот 2 од Закон за регистрирање на готовински плаќања.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парнична постапка.

## VIII УЖ-3.бр.488/2014 од 09.10.2014 година – промена на податоци во матична евиденција

Управен спор може да се поведе само против конечен управен акт во смисла на член 8 од Законот за управните спорови.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Од увидот во списите по предметот се констатира дека Управниот суд со Пресуда У-6.бр.27/2011 од 01.12.2011 година тужбата на тужителот Е Л Д. од Б, Р.С, ја уважил, а Решението на Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Секретаријат за внатрешни работи Б, Одделение за управни работи Б, број 25.18/6190 од 08.07.2009 година го поништил. Притоа судот нашол дека тужителот има активна легитимација како заинтересирано лице за поведување управен спор од причина што во текот на оставинската постапка во Р.С, како наследник, сопруга на починатиот В Д во текот на постапката пред надлежниот суд во Б, дознала за постоење на решение кое го оспорува со тужба за управен спор. Управниот суд прифатил дека тужениот орган немал основ да изврши промена на презимето на таткото во изводот во матичната книга на родените за Д Т од Б, заведен под тековен број 1393 за 1971 година и прифатил дека таквото решение има клаузула на правосилност и против истото може да се води управен спор.

Против цитираното првостепено решение не е вложена жалба и истото решение е приложено како доказ во постапка по оставината на починатиот В Д пред редовните надлежни судови во Белград, Р.С, и Б, во која постапка како наследник е огласена помеѓу другите сопругата на починатиот, тужителот Е Л Д од Б, Р.С, и жалителот Д Т од Б, како син на починатиот.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното првостепено решение, Управниот суд во претходна постапка нашол дека во конкретниот случај против актот кој се оспорува со тужбата не е изјавена жалба и претставува конечен управен акт, дека органот кој го донел оспореното решение по поднесено барање на лице Д Т од Б, извршил исправка на презимето на таткото во матичната книга од Д на Дупчинов, но како доказ навел дека е приложен извод од матична книга на родени, но не навел чиј извод го имал во предвид, ниту навел евидентен број на истиот ниту пак навел друг акт врз основа на кој донел одлука да изврши промена на презимето. Управниот суд прифатил дека постои правосилна пресуда на Окружниот суд во Б, П.бр.268/72 од 13.11.1972 година, со која е утврдено дека лице В Д од Б, е биолошки татко на сега жалителот Д Т од Б.

Вака наведеното во образложението на обжалената Пресуда содржало недостатоци поради кои не можела да се испита, не биле наведени причини за решителните факти, а причините кои биле наведени биле нејасни со што е сторена суштествена повреда од член 42-г став 2 точка 11 од Законот за управните спорови што истата ја правело незаконита.

Поради ова Вишиот управен суд обжалената пресуда ја укинал и предметот го вратил на Управниот суд на повторно одлучување.

При повторната постапка Управниот суд го донел сега обжаленото Решение со кое тужбата на тужителот ја отфрлил како недозволена со образложение дека во конкретниот случај не се работи за конечен управен акт во смисла на член 8 од Законот за управните спорови туку првостепено решение на Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, против кое со правна поука е дозволена жалба до Комисијата за решавање на управна постапка во втор степен од областа на внатрешните работи, судство, државна управа,локална самоуправа и работи од верски карактер при Влада на Република Македонија, но жалба не е изјавена.

Вишиот управен суд наоѓа дека обжаленото Решение е правилно и законито од причина што во конкретниот случај не се работи за конечен управен акт во смисла на член 8 од Законот за управните спорови туку првостепено решение на Министерство за внатрешни работи на Република Македонија.

Поради наведеното следуваше Вишиот управен суд согласно член 370 став 1 точка 2 од Законот за парнична постапка, а во врска со член 7-а од Законот за Управните спорови да одлучи како во диспозитивот на решението.